Universiteti i Tetovës - Republika e Maqedonisë
Универзитет во Тетово - Република Македонија
Nr.-Бр. 11-1641/1
14-05 2019 viti/год.
Tetovë - Тетово

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА
Бр. 0302-1943/1
14.05 2019 год.
СКОПЈЕ

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен помеѓу потписниците:

1. **Универзитет во Тетово**, ул. Илинден,бб, Тетово, претставуван од ректорот проф. д-р Вулнет Амети (во натамошниот текст: прв потписник) и

2. **Министерство за економија - Биро за метрологија на Република Северна Македонија**, со адреса на бул. Јане Сандански 109-а, Скопје, застапувано од директорот м-р Мерита Мустафаи (во натамошниот текст: втор потписник).

**ЦЕЛИ**

**Член 1**

Со овој Меморандум се утврдува рамката во која ќе се реализира соработката меѓу потписниците за работи од заеднички интерес базирани на искористување на научно-стручните, професионалните, материјално-техничките и просторните услови на потписниците насочени кон унапредување на едукативните, истражувачките и апликативните активности од обласа на метеорологијата, електротехниката и информатичките технологии.

**ПОЛЕ НА СОРАБОТКА**

**Член 2**

Меѓусебната соработка на потписниците ќе се реализира во различни домени од делокругот на својата работа, со посебен акцент на следните полиња на соработка:

1. Работа на развојно-истражувачки проекти, реализирани преку:
   а)соработка на експертски и на професионални тимови определени од потписниците;
   б)изработка на магистерски и на докторски трудови од страна на студенти од првиот потписник, а во функција на проекти од интерес на потписниците.
2. Работа на апликативни проекти, со посебен акцент на:
   а) дефинирање проектни задачи;